ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

Согласно Програмата за социјална заштита за 2024 година донесена од Советот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр. 17/23 од 26.12.2023") и Правилникот за искористување на средства од Програмата за социјална заштита во делот на инфраструктура за лица со попреченост во домот на лицата донесен на 26.01.2024 со бр. 09-5/9, Општина Битола објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

за искористување на средства за адаптација, изградба или поставување на инфраструктура и опрема за пристапност, мобилност и функционалност на лицата со попреченост, односно инфраструктура и опрема за пристапност, мобилност и функционалност, опфаќа адаптација на веќе постоечки или изградба на нови пристапни рампи, или набавка и монтажа на фиксни или преносни пристапни рампи (опрема), платформи и лифтови, направи за искачување на скали со инвалидски колички, во домот на лицата со попреченост, со цел надминување на висински растојанија или други физички препреки или бариери до и во домот, адаптација на делови од домот во физичкиот простор (прилагодување на тоалет, промена на врати со соодветна ширина за инвалидска количка, правење на пристапни патеки и тн.), како и набавка на опрема која е наменета за користење од страна на лица со попреченост која ќе ја олесни мобилноста и/ или функционалноста на лицата со попреченост во и надвор од нивниот дом.

Искористувањето на средствата е согласно Правилник за искористување на средства од програма за социјална заштита на Општина Битола за 2024 година во делот на инфраструктура за лица со попреченост во домот на лицата кој што заинтересираните лица можат да го најдат на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk.

Потребната документација и условите за пријавување може да се виде во самиот правилник или да се подигне од Општина Битола Бул. „1-ви Мај" бр.61 на шалтер број 1.

Лице за контакт: м-р Симона Јовеска, моб: 071385682, e-mail: simonajoveska132@gmail.com.

Периодот на пријавување е отворен во текот на цела година до целосно искористување на средствата.

бр. 41-16/3
05.02.2024
Битола

ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Коњановски